Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-299/2
25-03-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-299/1 од 05.03.2024 година, поднесена од [redacted], со место на живеење во [redacted] општина Василево, за извршена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (6) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08-299/1 од 05.03.2024 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## Образложение

На 05.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], општина Василево, за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Според наводите во поднесената претставка, [redacted] е вработен во Министерство за внатрешни работи. На 09.01.2024 година до Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси при министерството доставил Барање со кое побарал да му се додели паричен надоместок за новородено дете согласно член 201 став (1) од Колективниот договор на МВР за што во прилог доставил Извод од матичната книга на родените за новороденчето. Со допис од 14.02.2024 година потпишан од [redacted] подносителот бил известен дека еднократен паричен надоместок и следува на работничка – мајка, па слетствено тој не ги исполнува условите за остварување на ова право.

Заради наведеното подносителот смета дека со склучувањето на Колкетивниот договр помеѓу МВР и МПС (Македонски полициски синдикат), врз него била сторена диркетна дискриминација врз основа на пол што било спротивно на член 9 од Уставот на РСМ и член 14 од Европската конвенција за човекови права. На крај наведува дека правото на паричен надомест од член 201 став (1) од Колективниот договор не можел да биде врзан со работничката - мајка, односно со полот на работникот туку се однесувал и требало да биде насочен кон новороденчето.

По разгледување на наводите во претставката, Комисијата констатира дека постапувала по претставка број 08-462/1 поднесена од лицето Мартин Ефремов од Скопје, која се однесува на иста правна работа на која се однесува и претставката поднесена од лицето [redacted]. По претставката поднесена од [redacted] постапката е завршена со Мислење број 08-462/4 од 27.10.2023 година со кое Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврдила директна дискриминација сторена врз именуваниот [redacted] од страна на Министерството за внатрешни работи, како и директна дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи извршена од страна на Министерство за внатрешни работи кон сите вработени мажи – татковци или посвоители на новородени деца на возраст до една година. Следствено, една од препораките кои Комисијата ги дала е Министерството за внатрешни работи да иницира измена на одредбите од член 201 од Колективниот договор склучен помеѓу министерството и Македонскиот полициски синдикат, а во насока на овозможување на еднаков пристап на родителите до правото на еднократен паричен надоместок за новородено дете, без разлика на полот на родителот кој го поднесува барањето со цел остварување на конкретното право. За постапување по оваа препорака Комисијата дала рок од 30 дена но не подолго од 180 дена од денот на прием на Мислењето од страна на министерството.

Имено со оглед да наведеното Мислење бр. 08-462/4 од 27.10.2023 година е примено од страна на утврдениот дискриминатор на 29.10.2023 година, рокот за исполнување на препораката дадена од Комисијата сеуште не е истечен. Исто така во претставката поднесена од [redacted] не се понудени нови факти и околности различни од оние кои се наведени во претставката по која Комисијата постапувала и го донела горенаведеното мислење.

Заради сето изнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека се исполнети законските услови од **член 27 став (6) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој "*Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.*""**

Земено предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
25.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД